тестот, прашајте го докторот или сестрата како ќе ги добиете резултатите. Можете, исто така, да побарате да ви го стават името во Ргистерот за пап тест на НЈВ - оваа доверлива служба ве потсеќа да отидете на тест ако заборавите. Информации за овој Регистер можат да се најдат на многу јазици. За повеќе информации, јавете се на 1800 671 693.

> Телефонските броеви се точни во времето на издавање на оваа информација, но не се обновуваат ако дојде до промена. Ќе треба да ги проверите во телефонскиот именик пред да се јавите.

NSW Multicultural Health Communication Service
website: http://mhcs.health.nsw.gov.au
e-mail: mhcs@doh.health.nsw.gov.au
phone: (02) 9382 8111

multicultural communication

Macedonian
31 August 1998

# На кои жени им е потребен пап тест?

Which women need a Pap test?

NSW HEALTH DEPARTMENT

Пап тест е едноставен тест што им помага на жените да ги заштити од рак на грлото на матката наречен цервикс - но многу жени не знаат дека треба да го направат овој тест. Шеесет годишната Нада, на пример, мисли дека не ѝ треба ваков тест затоа што е стара за тоа, а пак 21 годишната Елена смета дека нејзе не ѝ е потребен ваков тест затоа што е премлада за тоа. Марија, која има 50 години смета дека ѝ треба овој тест - таа е вдовица веќе десет години и немала полови односи со маж откога умрел мажот ѝ.

Меѓутоа, сите три жени треба да одат на овој тест што спасува животи секои две години - како и секоја друга жена на возраст од 18 до 70 години што имала кога и да било полови односи. Дури и ако имала само еден партнер со кого имала односи или дури ако немала полови односи со години, нејзе сепак ѝ е потрбен овој тест.

**Зошто пап тестовите се толку важни?** Затоа што спасуваат животи со тоа што ќе откријат ако има абнормални промени на грлото на матката (влезот во матката наречен цервикс), пред да се развие ракот. Со редовните пап тестови секои две години, проблемите можат да се откријат и да се лечат пред тие да добијат шанса да се развијат во рак.

**Што ако повеќе не сакам да знам дали имам рак?** Пап тестовите не се замислени да откриваат рак, туку да го спречат. Нивната задача е да ги откријат проблемите рано, за да може да се лечат пред ракот да почне.

**Што ако имам влезено во климактериум (престанала менструацијата)?** И покрај тоа треба да одите на тест секои две години - ризикот од рак на цервиксот (грлото на матката) се зголемува со годините.

**Што ако сум имала хистеректомија (извадена матка)?** Ако сте имале операција при што била извадена матката и цервиксот, можеби нема да ви треба пап тест - проверете го тоа со вашиот доктор.

**Што ако сум постара од 70 години?** Ако сте постара од 70 години и никогаш не сте имале пап тест, тогаш треба да го направите тестот. Но, ако сте постари од 70 години и сте имале два тестови со нормални резултати во последните пет години, не ви требаат повеќе (но можете да продолжите со тестовите ако сакате).

**Како се изведува тестот?** Со тоа што се прегледуваат клетките во цервиксот (што е сместен на врвот од вагината). Докторот или сестрата користат мало лопатче или четкичка за да избришат неколку клетки од површината на цервиксот. Овие клетки се испраќаат во лабораторија да се тестираат. За време на тестот може да се чувствувате малку неудобно, но нема да ве боли.

**Што го предизвикува ракот на цервиксот (грлото на отворот од матката)?** Причината не е јасна, но се чини дека има некаква врска со некои форми на вирус што предизвикува генитални брадавици и што можеби се пренесува за време на половите односи. Пушењето, исто така, може да го зголеми ризикот од рак на цервиксот.

**Колку е чест ракот на цервиксот?** Секоја година се поставува дијагноза на рак на цервиксот кај околу 1000 жени, а околу 300 жени умираат од тоа. Повеќето од смртните случаи би биле спречени ако повеќе жени имаат редовни пап тестови.

**Каде може да одам за пап тест?** Одете на доктор, кај медицинска сестра за женско здравје, клиниките за планирање на семејството (Family planning clinic), клиника за сексуално здравје и женски здравствени центри. Ако повеќе сакате жена да го направи тестот, а не знаете каде да одите, јавете се во некоја од клиниките за планирање на семејството, клиниките за сексуално здравје или некој центар за женско здравје во вашето подрачје. Може да се обезбедат преведувачи ако е потребно. Fairfield Multicultural Family Planning Association на 356 The Horsley Drive, Fairfield, (02) 9754 1322, имаат специјални услуги за жени од неанглиско говорно потекло. Може да се добијат назад парите од Medicare, меѓутоа цената може да зависи од тоа каде ќе се направи тестот.

**Како ќе ги добијам резултатите од тестот?** Кога ќе го правите